Архивски број: 08-70/3
__________ година 11-03-2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-458/1 од 28.5.2025 година поднесена од ----- против ----- и -----, за извршена дискриминација врз основ на политичка припадност и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на политичко уверување и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи од страна на ----- и ----- врз -----.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-458 од 28.5.2025 година, од ----- за сторена дискриминација врз основ на политичко уверување и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на -----, претпоставен на -----.

Претставката се однесува на привремено одземање на службеното оружје и муниција поради пријавен настан од страна на Итна медицинска помош (во продолжение ИМП), за што подносителката тврди дека не постои правен основ за одземање на нејзиното службено оружје. Оттука, описот на настаните во претставката започнува со настан пријавен од д-р ----- при ИМП, согласно која пријава, подносителката за време на преглед изјавила дека додека била на служба се здобила со самоубиствени намери. Комплементарно на ваквата пријава, подносителката тврди дека во лекарските извештаи издадени од страна на пријавителот од ИМП и д-р- спец. по психијатрија -----, никаде не е наведена „суицидалност", туку „плачење, вознемиреност поради изложување на стресна ситуација на работа и проблеми со претпоставените". Во врска со ова, подносителката наведува дека можеби во состојба на силна раздразнетост и плачење има кажано дека повеќе не ѝ се живее и дека не може да го издржи притисокот и психичкото вознемирување кое секојдневно ѝ се врши од страна на претпоставениот, но истакнува дека нема извршено обид за самоубиство кој и не е кривично дело. Во продолжение на претставката, наведено е дека истиот тој ден, по претходна расправија и упатување на закана дека ќе биде суспендирана, се почувствувала вознемирено, уплашено и сама отишла на преглед во ИМП. Притоа,

наведува дека ако постоела опасност дека е суицидална, би била задржана на опсервација како пациент на невро-психијатриско одделение.

Во претставката се наведува дека во споредба со претходни постапувања кога на колеги на подносителката им било одземено службеното оружје, со нејзе било постапено понеповолно врз основа на нејзиното политичко уверување и личен и општествен статус. Оттука, вака наведениот основ го образложува како перцепција поради претпоставена припадност, членство или поддржување на политичката партија СДСМ, нејзино учество во протестите на „Шарена револуција" во време кога не била вработена како ----- службеник во -----, како и поради поврзаност и интимна врска со лице кое е осомничено во оформен предмет на јавното обвинителство во врска со пожарот во дискотеката „ПУЛС".

На крајот на претставката, подносителката наведува дека од предметниот настан случен на 17.4.2025 година до денот на поднесување на претставката за заштита од дискриминација од причина што не ѝ е препишано боледување од страна на лекар, оди на работа и извршува работни задачи – архивско и канцелариско работење, при што се жали дека не е доставен предлог за нејзино распоредување од времен карактер на соодветно работно место во Министерството без овластување за носење и употреба на службено оружје. Во оваа насока, смета дека одземањето на службеното оружје не може да е од превентивен карактер, туку само како привремено одземање на оружје, на начин и во постапка утврдена со закон, при што смета дека е сторено пречекорување на овластувањето од страна на наведениот претпоставен.

На ден 12.6.2025 година, подносителката на претставката има поднесено уште една претставка за заштита од дискриминација против ----- на ----- – -----, во која се опишани настани како продолжение на претходно истакнатата фактичка состојба, заведена под арх. бр. 08-458/2.

Во предметната претставка/дополнување, подносителката наведува дека при спроведување на вежба за ----- службеници - гаѓање со лично и формациско оружје на 28.5.2025 година, таа била оневозможена да учествува на истото, односно не ѝ било дозволено, дополнително на што тврди дека не ѝ било образложено поради која причина ѝ било одземено оружјето. Во оваа насока, подносителката се жали дека гаѓањето било спроведено и со формациско оружје, а задолжената автоматска пушка не ѝ била одземена, смета дека ѝ е сторена повторна дискриминација врз истите основи како и во првично поднесената претставка.

На ден 22.7.2025 година, подносителката ----- до Комисијата доставува дополнување во врска со првата поднесена претставка, заведено под арх. број 08-458/3. Во истото, се наведува дека друг вработен во Министерството за ----- добил второстепена пресуда од Апелациониот суд во Штип во врска со дисциплинска постапка со која неговиот договор за вработување бил откажан, со одземено оружје поради сторено кривично

дело „насилство", кое било преквалификувано во „тешка телесна повреда". Во однос на предметниот случај, наведува дека претпоставениот -----, без да достави потребна документација до Комисијата за вршење на психолошко соверување и давање мислење за способноста на работникот во -----, му го вратил оружјето, за што подносителката наведува дека добила усна информација дека не била запазена постапката за враќање на оружјето и наведениот вработен не бил упатен на задолжително психолошко советување.

Во продолжение на дополнувањето, се наведува дека подносителката од колега дознала дека нејзиното оружје за кое тврди дека е противправно одземено, не е раздолжено или дадено на чување, туку дека најверојатно е во канцеларијата на претпоставениот, со што подносителката смета дека противправно го задржал и присвоил за себе. Оттука, наведува дека по усно укажување од нејзина страна дека бара да ѝ биде вратено оружјето, претпоставениот ѝ одговорил дека поради тоа што постои опасност дека ќе си наштети т.е. самоповреди, оружјето не ѝ е вратено, дополнително на што подносителката тврди дека ја навредил дека има психичко растројство. Во оваа насока, наведува дека доколку намерите на претпоставениот како нејзин старешина биле за да ја заштити и да се спречи некое несакано дејствие, со негово укажувања би го предала оружјето доброволно, како што бил случајот со друг колега.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 9.7.2025 година испрати Известување бр. 08-458/4 за произнесување по наводите од претставката до ----- и бр. 08-458/5 до -----.

На ден 26.9.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, заведено под арх. бр. 08-458/6.

Во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација врз основа на политичкото уверување на подносителката, при што за истото се наведува дека е надвор од делокругот на работа ниту пак истото влијае на постапувањето на потенцијалниот дискриминатор како нејзин претпоставен и -----.

Во однос на наводите за конкретниот настан кој подносителката го пријавува како дискриминација, во произнесувањето се наведува дека на 17.4.2025 година, во 19 часот привремено биле одземени предмети: пиштол, 15 куршуми и 2 празни рамки за пиштол – службено оружје и муниција на подносителката како униформирана ----- службеничка, кои биле одземени поради пријава од медицинско лице – доктор дека истата има суицидални размислувања и намери. Оттука, се наведува дека на 17.4.2025 година, бил добиен телефонски повик од ИМП ----- од страна на д-р -----, на службен мобилен телефон во -----, со пријава дека во нивните простории е дојдена -----

службеничка во униформа со огнено оружје на себе и дека истата пријавила дека не ѝ било добро и во неколку наврати на медицинските лица кажала дека имала суцидни размислувања и мисли за што веднаш била препратена кај доктор специјалист – психијатар, кој ја примил, прегледал и предложил боледување, терапија и упат за понатамошно лекување. Оттука, во произнесувањето е истакнато дека веднаш по ваквата пријава, претпоставеното лице на подносителката заедно со сменоводителот излегле на лице место во ЈЗУ Општа Болница ----- со цел да се направат разговори со вработените сведоци на настанот и да се прибават службени белешки, истакнувајќи дека подносителката на претставката не била затечена во ЈЗУ Општа Болница -----, при што истата била затекната во -----, каде нејзиниот претпоставен наведува дека кон нејзе пристапил со прашање за проблемот кој го пријавила во ИМП и побарал да го предаде службеното оружје, следствено на што би изготвен записник за одземени предмети со напомена дека смената на подносителката е завршена и истата може да си оди дома.

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека во периодот по пријавениот настан, била поднесена иницијатива за поднесување на писмен предлог за контрола на психофизичка и општа здравствена способност на ----- службеник, за која сè уште не е добиен одговор и мислење од страна на соодветното тело. Во врска со досега наведеното, во прилог на произнесувањето се доставени копија од пријавата од страна на докторот од Итна Медицинска Помош кој ја прегледал подносителката и пријавил за нејзината состојба, службени белешки од неколку сведоци од Општа Болница -----, согласно кои се потврдуваат наводите дека подносителката навела дека се стекнала со суицидни мисли, потврда за привремено одземени предмети – оружјето на подносителката и иницијатива за поднесување на писмен предлог за контрола на психофизичка и општа здравствена способност на ----- службеник, службена белешка за постапување по настан пријавен од страна на доктор во ИМП.

Во произнесувањето дополнително е истакнато дека претпоставеното лице на подносителката до ----- на ----- поднел иницијатива за поднесување на писмен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност против подносителката на претставката, поради кршење на работна дисциплина и неисполнување на работните обврски, образложувајќи го истото со тврдење дека на 9.4.2026 година, и покрај постоењето на наредба за преземање на истражно дејствие – претрес, подносителката неосновано и непрофесионално и без одобрение го напуштила местото каде требало да се спроведе истражното дејствие и без одобрение на одговорниот за спроведување на претресот, се вратила во просториите на работното место. Во оваа насока, претпоставеното лице на подносителката наведува дека после ваквите настани, подносителката на претставката почнала да покажува анимозитет кон него, иако тој единствено ги вршел неговите работни задачи односно постапувал согласно важечките законски и подзаконски прописи. Оттука, истакнува дека истото резултирало и со поднесување на неколку неосновани претставки од подносителката

против нејзиниот претпоставен до -----, кои резултирале со нивно отфрлање или одбивање.

Согласно претходно наведеното, на крајот на произнесувањето се истакнува дека со ваквото дејствување, подносителката на претставката се обидува да го наруши угледот и професионалниот интегритет на потенцијалниот дискриминатор со измислување на непостоечки причини и повреди на работните должности. Во оваа насока, се наведува дека претпоставениот на подносителката никогаш не ја прашал или се заинтересирал за нејзината политичка припадност или општествен статус, истакнувајќи дека претпоставува дека таквата нејзина перцепција е поврзана со здравствената состојба на подносителката поради што смета дека потребно е истата да не ракува со оружје до прибавување на бараниот лекарски извештај и преглед на нејзина психо-физичка здравствена состојба.

На ден 1.10.2025 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ----- на ----- – -----, преку Министерството за ----- како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација, заведено под арх. бр. 08-458/7.

Во наведениот одговор, се потврдува дека на 17.4.2025 година подносителката на претставката во просториите на ИМП ----- побарала лекарска помош – преглед, при што од страна на лекар при ИМП било пријавено дека подносителката се пријавила на преглед и навела дека додека била на служба се здобила со самоубиствени намери. Оттука, се наведува дека поради тежината и карактерот на добиената пријава, а со цел спречување на несакани последици и зачувување на личното здравје и сигурност на подносителката, била издадена потврда за одземање на службеното оружје по одземањето на истото од страна на нејзиниот непосредно претпоставен.

Во продолжение на произнесувањето, се наведува дека до ----- е поднесена Иницијатива на писмен предлог за контрола на психофизичката и општа здравствена способност за подосителката. Во однос на формациското вооружување кое подносителката го должи, се наведува дека истото се чува во посебни простории и за подигање и користење на оружјето постои соодветна постапка, при што се истакнува дека формациското оружје на подносителката не ѝ е одземено и се наоѓа во посебните простории за чување на формациско вооружување на -----. Оттука, ----- на ----- наведува дека подносителката на претставката го нема извршено боевото гаѓање поради одземеното оружје како и спроведувањето на иницијативата за контрола на психофизичка и општа здравствена способност.

Во однос на наведените дискриминаторски основи, во произнесувањето се наведува дека согласно член 168 од Законот за -----, работник од Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, да раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија, при што

со потенцирањето на ваквиот дискриминаторски основа, се наведува дека подносителката иницира дополнителна постапка за нејзина потенцијална одговорност.

На 14.10.2025 година, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати барање за доставување на информации до д-р -----, согласно член 30 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, со цел прибавување на информација во однос на остварениот лекарски преглед со подносителката.

Воедно, беше испратено и барање за информации до Сектор за -----, заведено под арх. бр. 08-458/10, со кое беа побарани информации доколку подносителката на претставката е преместена на соодветно работно место за работа без оружје, како и информации во однос на постапката за контрола на психофизичката и општа здравствена способност на подносителката.

На 29.10.2025 година, до Комисијата беше доставен одговор од страна на д-р ----- при Општа Болница -----, заведен под арх. бр. 08-458/11. Во истиот е наведено дека подносителката на претставката се јавила на преглед кај наведениот доктор, видно вознемирена и плачлива, при што на лицата од медицинскиот персонал им бил даден податок дека истата е под притисок на работното место и не може да се смири. Во оваа насока, се наведува дека ѝ била понудена терапија, при што подносителката дополнително побарала да биде прегледана и упатена до д-р психијатар.

Во продолжение на одговорот, докторот дава информација дека на подносителката ѝ дал амп. Диазепам, при што наведува дека во продолжение на разговорот била уште повознемирена и потресена наведувајќи дека има притисок од претпоставените, по што дала податок во неколку наврати дека сака да се самоубие, потенцирајќи дека не може да издржи и сака да си го одземе животот. Откако подносителката била испратена на преглед кај доктор психијатар и по извршувањето на истиот, докторот од итна медицинска помош наведува дека по консултација со психијатар и образложение дека подносителката навела дека има суицидни мисли, пријавил во ----- по службена должност.

Поради фактот што и по истекот на законски предвидениот рок, до Комисијата не пристигна одговор на барањето за информации, на 14.1.2026 година до Министерството за ----- беше испратена Ургенција бр. 08-70/1.

На 18.2.2026 година, до Комисијата пристигна одговор бр. 08-70/2 од страна на -----, во кој се наведува дека ----- има поднесено писмен предлог за контрола на психофизичката способност на 9.6.2025 година до -----, при што до моментот на испраќањето на предметниот одговор, наведуваат дека не добиле повратна информација. Во продолжение на ова, се наведува дека во однос на одземеното оружје

на подносителката на претставката, изготвена е потврда за привремено одземени предмети која е доставена во прилог на произнесувањето од -----.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата и дополнително прибавените информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на ----- и ----- врз -----.

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Од горенаведеното образложение на претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не е сторено веројатно тврдењето за сторена дискриминација, при што во конкретниот случај, подносителката не докажала дека постои каузална врска помеѓу наведените дискриминаторски основи – политичко уверување и личен и општествен статус и дејствието кое се наведува како дискриминаторско постапување при одземањето на службеното оружје поради претходно пријавен настан согласно остварен лекарски преглед.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација врз основ на личниот и општествен статус на подносителката на претставката, при што наводите за сторена дискриминација кои се истакнати во претставката не воспоставуваат каузална врска помеѓу наведениот дискриминаторски основ и дејствијата на непосредно претпоставените лица на подносителката за кои е наведено дека претставуваат дискриминаторски третман. Притоа, наведената дискриминаторска основа лично својство и општествен статус не е поврзана со карактеристика по која подносителката се разликува од мнозинството, при што статусот кој подносителката смета дека го има не претставува личен статус кој таа го ужива во општеството и кој би можел да претставува причина за различно постапување, во конкретниот случај – понеповолно од тоа што би го имале други лица во иста фактичка ситуација.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре

изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ